**Европски ден на конкуренцијата**
**Софија, Република Бугарија**
**31 Мај 2018 година**

Комисијата за заштита на конкуренцијата на Република Бугарија по повод Бугарското претседателство со Советот на Европската Унија организираше Европски ден на конкуренција, кој се одржа на 31 Мај 2018 година во Софија, Бугарија. Настанот беше посветен на клучните законодавни настани во Европското конкурентско право како што се Директивата за штети и идната ECN+Директива, која ќе има одредувачко влијание врз спроведувањето на правилата за конкуренција во наредните години. Внимание исто така се посвети на случаите кои се појавуваат пред конкурентските управи во енергетскиот сектор.

На овој настан присуствуваа претставници од конкурентски управи, познати експерти и адвокати од конкурентското законодавство, политичари и претставници од бизнис заедницата.



Настанот го отворија претседателот на Бугарската Комисија за заштита на конкуренцијата Јулиа Ненкова, Претседателот на Собранието на Бугарија Цвета Карајанчева, Заменик Претседател на Владата на Бугарија Томислав Дончев и Министерот за економија Емил Караниколов.

Свое обраќање на европскиот ден на конкуренција имаше и Европската Комисионерка за конкуренција Маргрет Вестагер.

Претседателот на Комисијата за заштита на конкуренцијата на Република Македонија Благој Чурлинов присуствуваше на овој настан, на кој оствари средба со Маргрет Вестагер при што разменија искуства поврзани со спроведувањето на правото и политиката за заштита на конкуренцијата.

